**20250821801**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Врз основа на член 42-а став (8) од Законот за електронско управување и електронски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 244/19 и 3/25), министерот за дигитална трансформација, донесе

## ТАРИФНИК ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ИСПИТ ВО ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА

Член 1

Со овој тарифник се утврдува висината на надоместокот за организирање испит во електронска форма, кој го плаќа институцијата од јавниот сектор или приватното правно лице, барател за организирање на испит во електронска форма, врз основа на реално направените трошоци за организирање на испит во електронска форма.

Член 2

Висината на надоместокот од членот 1 од овој тарифник, изнесува по 120,00 денари по лице за пријавен испит.

Член 3

Овој тарифник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-367/4
17 април 2025 година
Скопје

Министер
за дигитална трансформација,
**Стефан Андоновски,** с.р.